| | |
|---|---|
| Предлагач: | Влада на Република Северна Македонија |
| Претставници: | Александар Николоски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за транспорт,<br><br>м-р Гордана Димитриеска - Кочоска, министер за финансии и<br><br>проф.д-р Николче Јанкуловски, заменик на министерот за финансии |
| Повереници: | д-р Стефан Волкановски, државен секретар во Министерството за транспорт,<br><br>д-р Андриана Матлиоска, државен секретар во Министерството за финансии и<br><br>Сузана Пенева, државен советник во Министерството за финансии |

# Предлог на закон за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Европската банка за обнова и развој по Договорот за заем за финансирање на проектот „Обновување на товарниот возен парк“ на Железници на Република Северна Македонија-Транспорт АД Скопје, по скратена постапка

Скопје, декември 2025 година

ВОВЕД:

I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ:

Владата на Република Северна Македонија, на Деведесеттата седница одржана на 8 јули 2025 година, ја разгледа и усвои Информацијата во врска со инвестициски проект за „Обнова на возниот парк“ на Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД-Скопје и го задолжи Министерството за финансии во соработка со Министерството за транспорт и Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД - Скопје, да достави барање до Европската банка за обнова и развој (ЕБОР) за финансирање на проектот со заем во износ од 20,9 милиони евра, како и грант средства за подготовка и реализација на истиот.

Постапувајќи по наведениот заклучок, Министерството за финансии во соработка со Министерството за транспорт и Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД - Скопје на 25.07.2025 година достави Барање за изразување на интерес за финансирање на Проектот до ЕБОР, која со допис од 15.8.2025 година одговори позитивно по барањето.

Главната цел на проектот е да се зголеми бројот на локомотиви што се на располагање за давање на услуга за транспорт, а со тоа да се зголеми можноста за транспорт на стоки и генерирање приходи на Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД - Скопје.

Врз основа на компаративна анализа спроведена од независен консултант ангажиран од ЕБОР, препорачано е да се спроведе набавка на најмногу до пет електрични локомотиви. Новите локомотиви ќе бидат произведени со високо техничко ниво и се предвидува обука на возниот персонал и поддршка при пуштањето во употреба на возилата и при преземањето на почетниот период на одржување.

Исто така, набавката треба да ги вклучува сите потребни специјални алатки, резервни делови за да се овозможи воспоставување режим на одржување за размена на компонентите на возилата.

Дополнително, проектот вклучува и набавка на систем за планирање на ресурси на претпријатието (ERP) што ќе овозможи подобрување на оперативната ефикасност на Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД - Скопје.

Проектот ќе го имплементира Министерството за транспорт, а краен корисник ќе биде Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД - Скопје.

Преговорите со претставниците на Европската банка за обнова и развој се одржаа во текот на месец ноември 2025 година, а финалниот текст на Договорот за заем е усогласен на 20.11.2025 година и е даден во прилог на овој материјал. Овој Договор за заем ќе се склучи помеѓу Европската банка за обнова и развој и Република Северна Македонија, претставувана од Министерството за финансии.

Предуслов за склучување на горенаведениот Договор за заем со Европската банка за обнова и развој е усвојување на Законот за задолжување од страна на Собранието на Република Северна Македонија и негово објавување во Службен весник на Република Северна Македонија.

Согласно Законот за јавен долг („Службен весник на Република Македонија“ 165/14-пречистен текст и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.98/19, бр.151/21 и бр.12/25), во име на Република Северна Македонија, Договор за заем склучува Владата на Република Северна Македонија, кој министерот за финансии го потпишува во името на Владата на Република Северна Македонија, по претходно донесен Закон за задолжување.

Имајќи го предвид наведеното, Владата на Република Северна Македонија изготви Предлог на закон за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Европската банка за обнова и развој по Договорот за заем за финансирање на проектот „Обновување на товарниот возен парк“ на Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД - Скопје, кој го доставува до Собранието на Република Северна Македонија за усвојување.

II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА:
Целта на проектот е набавка на најмногу до пет електрични локомотиви, резервни делови за истите и ERP систем.

Основно начело на кое се заснова овој предлог на закон е обезбедување на финансиски средства за да се овозможи реализација на проектот „Обновување на товарниот возен парк“ на Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД - Скопје.

Оттука, Република Северна Македонија и Европската банка за обнова и развој ќе склучат Договор за заем наменет за финансирање на проектот „Обновување на товарниот возен парк“ на Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД, Скопје, во износ од 20,9 милиони евра.

III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА:
Вкупниот износ на заемот кој ќе го додели Европската банка за обнова и развој изнесува 20,9 милиони евра.
Заемот ќе биде доделен на Република Северна Македонија под следните услови:
• Рокот на отплата на заемот е 15 години, со вклучен грејс период од 4 години;
• Каматната стапка е варијабилна и се состои од шестмесечен ЕУРИБОР зголемен за маргина од 1%;
• Заемот ќе се отплаќа во 22 полугодишни рати кои пристигнуваат за плаќање на 20 јануари и 20 јули секоја година;
• Република Северна Македонија ќе ѝ плати на Европската банка за обнова и развој еднократна провизија во висина од 1% од износот на заемот во рок од седум дена од денот на стапувањето во сила на Договорот за заем.
• Република Северна Македонија ќе ѝ плаќа на Европската банка за обнова и развој провизија за неповлечени средства во висина од 0,5% од заемот на годишно ниво. Провизијата за неповлечени средства ќе започне да се пресметува по 60 дена од денот на потпишувањето на Договорот за заем.

IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ, НАЧИН НА НИВНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, КАКО И ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

Финансиските средства потребни за спроведување на овој закон се образложени во Дел 3 на овој Предлог на закон и во Образецот за проценка на фискалните импликации даден во прилог на овој материјал.

V. СКРАТЕНА ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАДОЛЖУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА СО ЗАЕМ КАЈ ЕВРОПСКАТА БАНКА ЗА ОБНОВА И РАЗВОЈ ПО ДОГОВОРОТ ЗА ЗАЕМ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОЕКТОТ „ОБНОВУВАЊЕ НА ТОВАРНИОТ ВОЗЕН ПАРК“ НА ЖЕЛЕЗНИЦИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ТРАНСПОРТ АД, СКОПЈЕ

Со оглед на тоа што се исполнети случаите утврдени во член 175 алинеја 1 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, односно не е во прашање донесување на сложен и обемен закон, се предлага Законот за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Европската банка за обнова и развој - по Договорот за заем за финансирање на проектот „Обновување на товарниот возен парк“ на Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД - Скопје, да се донесе по скратена постапка.

Предлог на закон
за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Европската банка за обнова и развој по Договорот за заем за финансирање на проектот „Обновување на товарниот возен парк“ на Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД - Скопје

Член 1
Република Северна Македонија се задолжува кај Европската банка за обнова и развој со заем во износ од 20.900.000 евра, наменет за финансирање на проектот „Обновување на товарниот возен парк“ на Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД - Скопје.

Член 2
Условите и начинот на користење на заемот од членот 1 од овој закон се утврдуваат со Договор за заем за финансирање на проектот „Обновување на товарниот возен парк“, кој ќе се склучи меѓу Република Северна Македонија и Европската банка за обнова и развој.

Во име на Република Северна Македонија, Договорот за заем од ставот 1 на овој член ќе го потпише министерот за финансии.

Член 3
Рокот за отплата на заемот од членот 1 од овој закон е 15 години, со вклучен грејс-период од четири години.

Заемот ќе се отплаќа на 22 полугодишни рати, на 20 јануари и на 20 јули секоја година, кои пристигнуваат за плаќање започнувајќи од првиот датум од навршување на четвртата година од потпишување на Договорот за заем.

Каматната стапка е варијабилна и се состои од шестмесечен ЕУРИБОР зголемен за маргина од 1%.

Република Северна Македонија ќе ѝ плати на Европската банка за обнова и развој еднократна провизија во висина од 1% од износот на заемот во рок од седум дена од денот на стапувањето во сила на Договорот за заем од членот 2 од овој закон.

Република Северна Македонија ќе ѝ плаќа на Европската банка за обнова и развој провизија за неповлечени средства во висина од 0,5% од заемот на годишно ниво.

Провизијата за неповлечени средства ќе започне да се пресметува по 60 дена од денот на потпишувањето на Договорот за заем од членот 2 од овој закон.

Член 4
Проектот од членот 1 од овој закон ќе го имплементира Министерството за транспорт, а краен корисник ќе биде Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД - Скопје.

Член 5
Република Северна Македонија заемот од членот 1 од овој закон ќе го отплаќа од Буџетот на Република Северна Македонија.

Член 6

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Северна Македонија“.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН

I.ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН

Вкупната вредност на проектот „Обновување на товарниот возен парк“ изнесува 20,9 милиони евра и истиот ќе го имплементира Министерството за транспорт, а краен корисник ќе биде Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД - Скопје.

Со цел обезбедување на потребните средства од ЕБОР во вид на заем, предвидено е да се склучи Договор за заем меѓу Република Северна Македонија, претставувана од Министерството за финансии и Европската банка за обнова и развој - ЕБОР.

Предуслов за склучување на горенаведениот договор со ЕБОР е донесување на Закон за задолжување согласно постапката за задолжување со склучување на Договор за заем утврдена во Законот за јавен долг („Службен весник на Република Македонија“ 165/14-пречистен текст и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.98/19, бр.151/21 и бр.12/25).

Заемот за овој проект Република Северна Македонија ќе го отплаќа од Буџетот на Република Северна Македонија.

Заемот ќе биде доделен на Република Северна Македонија под следните услови:

- Рокот на отплата на заемот е 15 години, со вклучен грејс период од 4 години;
- Каматната стапка е варијабилна и се состои од шестмесечен ЕУРИБОР зголемен за маргина од 1%;
- Заемот ќе се отплаќа во 22 полугодишни рати кои пристигнуваат за плаќање на 20 јануари и 20 јули секоја година;
- Република Северна Македонија ќе ѝ плати на Европската банка за обнова и развој еднократна провизија во висина од 1% од износот на заемот во рок од седум дена од денот на ефективност на Договорот за заем.
- Република Северна Македонија ќе ѝ плаќа на Европската банка за обнова и развој провизија за неповлечени средства во висина од 0,5% од заемот на годишно ниво.

Провизијата за неповлечени средства ќе започне да се пресметува по 60 дена од денот на потпишувањето на Договорот за заем.

Согласно Законот за јавен долг („Службен весник на Република Македонија“ 165/14-пречистен текст и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.98/19, 151/21 и бр.12/25), во име на Република Северна Македонија, Договор за заем склучува Владата на Република Северна Македонија, кој министерот за финансии го потпишува во името на Владата на Република Северна Македонија, по претходно донесен Закон за задолжување.

Имајќи го предвид наведеното, Владата на Република Северна Македонија изготви Предлог на закон за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Европската банка за обнова и развој по Договорот за заем за финансирање на проектот „Обновување на товарниот возен парк“ на Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД - Скопје, кој го доставува до Собранието на Република Северна Македонија за усвојување.

По усвојување на Законот за задолжување од страна на Собранието на Република Северна Македонија и неговото објавување во „Службен весник на Република Северна

Македонија“, предвидено е склучување на Договор за заем, помеѓу Република Северна Македонија претставувана од Министерството за финансии и ЕБОР.

II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ:
Предложените одредби претставуваат генерален опис на финансиските услови под кои ќе биде склучен Договорот за заем.

III. ПРИДОБИВКИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА:
Со зголемување на бројот на локомотиви ќе се зголеми можноста за транспорт на стоки и генерирање приходи на Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД - Скопје.

Исто така ќе се подобрат нивоата на сигурност, ќе се намали обемот на услугата што влијае на дефектите и времето потребно за поправка на локомотивите. Воедно, ќе се намали зависноста од квалификувани техничари за одржување со воведување на понова технологија, ќе се намалат оперативните трошоци преку подобра потрошувачка на енергија, а воедно ќе се подобри услугата за транспорт на Коридорот X, кој е клучен за движењето на стоки низ регионот.